20252184250

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 170 став (1) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22, 3/25 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 октомври 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/25), во делот III. Планирани мерки и активности за остварување на политиката за заштита на потрошувачите, како и советување, едукација и информирање на потрошувачите и средства за реализирање на оваа програма, точка 1, цел 3 во потточката 1.3 зборовите: „Финансиската поддршка на здруженијата за заштита на потрошувачите, односно невладините организации за заштита на потрошувачите се врши преку доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) за заштита на потрошувачите согласно доставените предлог програми (проекти) за заштита на потрошувачите за спроведување на следното:“ се заменуваат со зборовите: „Финансиската поддршка на здруженијата за заштита на потрошувачите, односно невладините организации за заштита на потрошувачите се врши преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на програмата (проектот), но не повеќе од 350.000,00 денари по апликант, за следните приоритетни области:“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-8309/11
21 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.